Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за храна и ветеринарство
Agjencia e ushqimit dhe veterinarisë
Бр.-Nr. 35-1988/1
05-06-2025 20___ год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 90 ст.2 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр. 42/20, 294/21), член 20 став 1 алинеја 5 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија бр.157/10, 53/11 и 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15, 39/16, 64/18, 209/2023), одредбите од Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/20) како и Правилникот за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/20) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

## Основна одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на видеонадзор во просториите на Агенцијата за храна и ветеринарство (во натамошниот текст: Агенцијата) која се јавува во својство на контролор, како и техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување на безбедност на обработката на личните податоци преку вршењето на видеонадзорот, рокот на чување на видео записите, права и обврски на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на видеонадзор.

## Опис на системот за вршење на видеонадзор

Член 2

Видеонадзорот се врши преку камери поставени во ходниците во просториите на Агенцијата.

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард дискот на ДВР уредот сместен во серверската просторија на Агенцијата.

Пристап до камерите во реално време има овластеното лице од Агенцијата и тоа преку компјутер кој пристапува до ДВР уредот и е поврзан на локалната компјутерска мрежа.

## Цел за вршење на видео надзор

Член 3

Видеонадзорот се врши со цел да се обезбеди:

- заштита на сопственоста и
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Агенцијата само за безбедносни цели.

## Периодична оценка

Член 4

Агенцијата на секои две години потребно е да врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видеонадзор, а особено за:

- понатамошна потреба од користењето на системот за вршење на видеонадзор;
- целта, односно целите за вршење на видеонадзор;
- можни технички решенија за замена на системот за вршење на видеонадзор;
- статистички показатели за пристапот до снимките направени од видеонадзорот и
- начинот на искористување на снимките.

За извршената периодична оценка од став 1 на овој член Агенцијата потребно е да изработи извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видеонадзор (Образец бр. 6).

Извештајот од периодичната оценка се доставува до офицерот за заштита на личните податоци и до функционерот, односно до одговорното лице на контролорот.

Во случај на поголеми промени (замена или надградба) во системот за вршење на видеонадзор контролорот врши периодична оценка на постигнатите резултати и на покус период при што изработува извештај кој е составен дел од документацијата за воспоставување на системот за вршење на видеонадзор.

## Обработка на лични податоци

Член 5

Преку системот за вршење на видеонадзорот се обработуваат следните категории на лични податоци:

- физички изглед на странките кои влегуваат и излегуваат од просториите на Агенцијата и
- физички изглед на вработените во Агенцијата.

## Технички мерки

Член 6

Агенцијата ги обезбедува следните технички мерки за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор, и тоа:

1. единствено корисничко име за секое овластено лице;
2. лозинка креирана од секое овластено лице;
3. софтверска заштитна мрежна бариера ("фајервол") или рутер помеѓу системот за видео надзор и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.

## Организациски мерки

Член 7

Агенцијата ги обезбедува следните организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци преку системот за видеонадзорот и тоа:

1. ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само овластени лица од страна на директорот на Агенцијата може да имаат пристап до системот за видеонадзор;
2. уништување (пребришување) на видео записите по истекот на рокот за нивно чување и
3. почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опрема за вршење на видеонадзор.

Директорот на Агенцијата го известува одделението за информатичка технологија за ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до системот за вршење на видеонадзор, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучен за натамошен пристап.

Известувањето се врши и при било кои други промени во статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информатичкиот систем.

## Евидентирање на пристапот и увидот

Член 8

За увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор Директорот на Агенцијата писмено го информира одделението за информатичка технологија за постоење на потреба од обезбедување на одредена снимка од камерите пришто се наведува и целта на барањето. По обезбедувањето на снимката Директорот на Агенцијата изготвува известување најмалку со следните податоци:

- име и презиме на овластено лице,
- датум и време на пристапување,
- цел на пристапување,
- датум и час на направената снимка до која се пристапува;
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот;
- вид на медиум во кој е содржана снимката на видео надзорот во *криптирана форма.*

## Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видеонадзор

Член 9

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор имаат лицата кои се овластени за вршење на контрола над влезот во Агенцијата (Образец бр.1).

Овластените лица од став 1 на овој член пред нивното отпочнување со работа или пред пристапот до системот за вршење на видеонадзор, своерачно потпишуваат Изјава за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор.

Образецот на Изјавата од став 2 на овој член е составен дел на овој правилник (Образец бр.2).

## Рок на чување на снимките од видеонадзорот

Член 10

Снимките направени од видеонадзорот се чуваат на хард дискот на ДВР уредот каде што пристап имаат лицата овластени за контрола над влезот во Агенцијата.

Снимките направени при вршење на видеонадзорот се чуваат најмногу 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од хард дискот на кој што се чуваат.

Снимките од видеонадзорот може да се чуваат и во подолг временски период, од периодот наведен во став 2 на овој член ако е потребно согласно закон, но не подолго од исполнување на целите.

## Известување за вршење на видеонадзор

Член 11

На влезот во Агенцијата на видливо и јасно место е истакнато известување дека се врши видеонадзор кое содржи податоци:

- известување дека се врши видеонадзор;
- назив на контолорот кој го врши видеонадзорот;
- контакт информации за офицерот за заштита на личните податоци;
- информации за периодот на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на снимките на трети страни;
- цел на вршење на видеонадзорот;
- телефонски број на кој може да се добијат информации за видеонадзорот
- права на субјектите на лични податоци.

Известувањето од став 1 на овој член е составен дел на овој правилник (Образец бр.3).

## Технички спецификации на опремата

Член 12

За вршење на видеонадзор се користи систем кој е составен од 9 статични камери со T120-P, при што истите вршат 24 часа снимање без можност за фокусирање (зумирање) и содржат поддршка за снимање во затемните простории.

Во системот за видео надзор се пристапува од персоналниот компјутер кој го користи овластеното лице, поставен во компјутерската мрежа на Агенцијата.

## План за поставеноста на системот за видеонадзорот

Член 13

Графичкиот приказ за поставеноста на системот за видеонадзор, просторот каде се врши видеонадзорот, како и карта со локацијата на местото каде што е поставена камерата се содржани во Планот кој е составен дел на овој правилник (Прилог бр.1).

## Супсидијариа примена

Член 14

При обработката на личните податоци преку системот за вршење на видеонадзор соодветно се применуваат и другите одредби од Правилникот за безбедност на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/20).

## Завршна одредба

Член 15

Овој Правилник влегува во сила и истиот ќе се применува од денот на неговото донесување.

Директор,

д-р Оливер Михајлов

Образец бр. 1

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), ______________________________

______________________________

одговорно лице кај контролорот, односно обработувачот (директор, министер и сл.)

**ОВЛАСТУВАЊЕ**
**за вршење обработка на лични податоци**
**во ______________________________**

назив на контролорот односно обработувачот

(1) Се овластува ______________________, ______________________
(име и презиме) (работно место)

во ______________________________
(назив на контролорот/обработувачот (сектор/одделение)

да врши обработка на личните податоци содржани во ______________________________

______________________________

(да се наведе називот на збирката/те на личните податоци на пример, збирка за вработените, збирка на учениците, збирка на корисници на социјална помош, збирка на осигуреници и сл.)

(2) Лицето од ставот (1) на ова овластување задолжително треба да:

- ги почитува начелата за заштита на личните податоци;
- врши обработка на личните податоци согласно со упатствата добиени од ______________________________;
(назив на контролорот/обработувачот)
- ги почитува техничките и организациските мерки за обезбедување безбедност на личните податоци кои ќе ги дознае при работата во ______________________________; и
(назив на контролорот/обработувачот (сектор/одделение)
- ги чува како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита.

(3) Обемот на овластувањето за пристап до личните податоци е:

______________________________.

(да се опише обемот на овластување (на пример, да внесува лични податоци, да брише, да коригира, да гледа и сл.)

(4) Начинот на пристап до лични податоци е:

______________________________

______________________________.

(да се опише дали овластеното лице има пристап до личните податоци содржани во хартиена документација или до личните податоци кои автоматски се обработуваат или има пристап и на двата начина)

(5) Рокот на важење на ова овластување е за време додека е на работното место[1] ______________________ во ______________________.
(да се наведе на кое работно место е распоредено лицето) (назив на контролорот/обработувачот)

(6) Ова овластување влегува во сила со денот на донесувањето.

Потпис на одговорното лице,

М.П.

________

[1] Доколку е вработен на определено време да се наведе и рокот (ДД.ММ.ГГ)